**Република Македонија**

**АГЕНЦИЈА ЗА КАТАСТАР НА НЕДВИЖНОСТИ**

# ТАРИФНИК
# ЗА ВИСИНАТА НА НАДОМЕСТОКОТ ЗА ЗАПИШУВАЊЕ НА ИНФРАСТРУКТУРНИТЕ ОБЈЕКТИ ВО КАТАСТАРОТ НА ИНФРАСТРУКТУРНИ ОБЈЕКТИ
# (ИНТЕРЕН ПРЕЧИСТЕН ТЕКСТ)

**Скопје, јануари 2015 година**

Врз основа на член 181 став (2) од Законот за катастар на недвижности („Службен весник на Република Македонија“ број 55/13, 41/14 и 115/14), Управниот одбор на Агенцијата за катастар на недвижности на седницата одржана на ................2015 година, донесе

# ТАРИФНИК ЗА ВИСИНАТА НА НАДОМЕСТОКОТ ЗА ЗАПИШУВАЊЕ НА ИНФРАСТРУКТУРНИТЕ ОБЈЕКТИ ВО КАТАСТАРОТ НА ИНФРАСТРУКТУРНИ ОБЈЕКТИ (ИНТЕРЕН ПРЕЧИСТЕН ТЕКСТ)

**Член 1**

Со овој тарифник се пропишува висината на надоместокот за запишување на инфраструктурните објекти во катастарот на инфраструктурни објекти.

**Член 2**

Висината на надоместокот за запишување на инфраструктурните објекти изнесува:

| **реден број** | **Вид на запишување** | **Единица мерка** | **Висина на надоместок во денари** |
|---|---|---|---|
| **1** | Запишување/евидентирање на инфраструктурен објект (линиски) | $1м^1$ | 1 |
| **2** | Запишување/евидентирање на инфраструктурен објект (отворена површина) | $1м^2$ | 1 |
| **3** | Запишување/евидентирање на инфраструктурен објект (волумен) | $1м^3$ | 10 |
| **4** | Запишување/евидентирање на инфраструктурни објекти поставени на стопа | објект | 1000 |

**Член 3**

За запишувања на инфраструктурни објекти за кои со овој тарифник не е утврдена висината на надоместокот, ќе се плаќа паушален надоместок во висина од 1000 денари по еден правен основ.

**Член 4**

Овој тарифник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во “Службен весник на Република Македонија“, а ќе се објави по добивање на согласност од Владата на Република Македонија.

Управен Одбор
Претседател
**Анета Јорданова, с.р.**